# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 118** **11 јуни 2019, вторник** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1614. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*).......... | 3 |
| 1615. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Основно јавно обвинителство Кавадарци....... | 3 |
| 1616. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп... | 3 |
| 1617. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор............................................. | 4 |
| 1618. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор............................................. | 4 |
| 1619. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба...................... | 4 |
| 1620. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности...... | 5 |
| 1621. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип......... | 5 |
| 1622. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип......... | 6 |
| 1623. | **Одлука** за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие колекторски систем.......................... | 6 |
| 1624. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад....... | 7 |
| 1625. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година............... | 7 |
| 1626. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2018 година на ЈПВ Лисиче-Велес.................. | 7 |
| 1627. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2018 година..................... | 8 |
| 1628. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип искажана во Годишната сметка за 2018 година.......... | 8 |

Стр.


1629. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Основен суд Свети Николе........... 8

1630. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Централниот регистар на Република Северна Македонија....... 8

1631. **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје.............. 9

1632. **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад........ 9

1633. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Берово.......... 10

1634. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Бели за изградба на објекти со намена А-домување, А-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Бели, Општина Кочани................................... 10

1635. **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... 11

1636. **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... 11

1637. **Одлука** за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба..................................... 12

1638. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство.......... 12

1639. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................... 13

1640. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................... 14

1641. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика... 14

1642. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Царинската управа....................... 14

1643. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.. 15

1644. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој........................................ 16

1645. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за ревизија....... 18

1646. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација....... 18

1647. **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи............................................... 19

1648. **Одлука** за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина).......................... 19

1649. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................... 22

1650. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО-МЕДИКУС ДОО Кривогаштани....... 22

1651. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Прилеп.......................... 22

1652. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип... 22

1653. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината............. 23

1654. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.................................... 23

1655. **Одлука** за предавање на недвижност во владение на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони...... 25

1656. **Одлука** за изменување и дополнување на одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината............. 25

1657. **Одлука** за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција..................... 26

1658. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината............. 26

1659. **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година... 27

**Огласен дел**...................................... **1-84**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1614.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16, 202/16, 22/17, 48/17, 162/17, 189/17, 44/18, 99/18, 157/18, 201/18, 234/18 и 45/19), во членот 1, во ставот (2) броевите „224“ и „389“ се бришат, по бројот „422“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 423 се додава нов Прилог 424 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 224 се брише.

Член 3

Прилогот 389 се брише.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3499/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1615.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука на Основно јавно обвинителство Кавадарци му се дава на трајно користење, без надоместок недвижна ствар - објект кој се наоѓа на ул. „Едвард Кардељ“ во Кавадарци, на КП бр. 10774, КО Кавадарци 2, запишан во Имотен лист бр.10848, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда број 1, намена на зграда и друг објект В4, влез 1, кат 3, намена на посебен дел од зграда 1, внатрешна површина од 466 м2;

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-6252/1-18 | Заменик на претседателот |
| 3 јуни 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1616.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) и член 17 став (3) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С. ОРЕОВЕЦ“ ОПШТИНА ПРИЛЕП

Член 1

Концесијата за детални геолошки истражувања на минералната суровина се доделува во функција на вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина на локалитетот за кои се предлага доделување.

Со оглед на фактот дека правото за вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина се стекнува со доделување на концесија, како и дека се работи за истражување на минералната суровина, потребно е да се додели под концесија минералната суровина определена со оваа одлука.

Член 2

Како основни цели за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања е создавање на услови за рамномерно истражување на минералната суровина и создавање услови за нејзина експлоатација.

Член 3

Предмет на концесијата е вршење на детални геолошки истражувања на минералната суровина – мермер на локалитетот „с.Ореовец“ Општина Прилеп.

Концесијата за детални геолошки истражувања ќе се додели на понудувачот кој ќе успее да ги задоволи условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32019R0368 и 32019R0321.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања на минералната суровина ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесијата за детални геолошки истражувања, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за економија се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1160/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1617.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕН ПРОСТОР**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-10722/49-1 од 12.9.2018 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1270/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1618.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕН ПРОСТОР**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за продажба на станбен простор бр.02-5690/6-1 од 27.5.2019 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1270/2
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1619.**

Врз основа на член 99 став (9) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА СТАНОВИ, ПОДРУМИ И ГАРАЖИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба бр.02-5690/6-2 од 27.5.2019 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-1270/3 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1620.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари-објекти, кои се наоѓаат на КП бр.7632, КО Тетово 2, на улица „Цветан Димов", бр.54 во Тетово и тоа:

- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебниот дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 193,69 м2;
- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебниот дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 18,62 м2;
- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат К-1, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебниот дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 195,56 м2;
- зграда 1, намена на зграда Б4-10, влез 1, кат К-1 број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ПП со внатрешна површина од 2,49 м2 и
- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат К-1, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебниот дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 19,90 м2,

во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-2467/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1621.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство му престанува користењето на 1/3 идеален дел од недвижни ствари – зграда бр.1, зграда бр.4 и зграда бр.5, кои се наоѓаат на ул. „Бања Кежовица“ во Штип на КП бр.9168, дел 1, КО Штип-5, запишани во Имотен лист бр.32582, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр.4, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-П, влез 1, кат ПО, со внатрешна површина од 42 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-ДП, влез 1, кат К1, со внатрешна површина од 266 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-ДП, влез 1, кат К2, со внатрешна површина од 269 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 306 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 2, кат ПР, со внатрешна површина од 580 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 3, кат К1, со внатрешна површина од 611 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/ заеднички дел од зграда П, влез 4, кат ПО, со внатрешна површина од 147 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, влез 1, кат К 1, со внатрешна површина од 45 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, влез 1, кат К2, со внатрешна површина од 48 м2,
- зграда бр.4, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 73 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда, влез 3, кат 1, со внатрешна површина од 6 м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, влез 2, кат ПР, со волумен од 63 м3 и
- зграда бр.5, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 47 м2.

Член 2

Се дава на трајно користење без надомест 1/3 идеален дел од недвижните ствари од член 1 од оваа одлука на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за здравство и Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2733/1
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1622.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА-ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип му престанува користењето на 2/3 идеален дел од недвижни ствари–зграда бр.1, зграда бр. 4 и зграда бр.5, кои се наоѓаат на ул.„Бања Кежовица“ во Штип на КП бр.9168, дел 1, КО Штип-5, запишани во Имотен лист бр.32582, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр.4, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-П, влез 1, кат ПО, со внатрешна површина од 42м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-ДП, влез 1, кат К1, со внатрешна површина од 266м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда-ДП, влез 1, кат К2, со внатрешна површина од 269м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 306м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 2, кат ПР, со внатрешна површина од 580м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 3, кат К1, со внатрешна површина од 611м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/ заеднички дел од зграда П, влез 4, кат ПО, со внатрешна површина од 147м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, влез 1, кат К 1, со внатрешна површина од 45м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, влез 1, кат К2, со внатрешна површина од 48м2,
- зграда бр.4, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 73м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда, влез 3, кат 1, со внатрешна површина од 6м2,
- зграда бр.1, намена на зграда и други објекти-В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, влез 2, кат ПР, со волумен од 63м3 и
- зграда бр.5, намена на зграда и други објекти В2-3, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, влез 1, кат ПР, со внатрешна површина од 47м2.

Член 2

На трајно користење без надомест се дава 2/3 идеален дел од недвижните ствари од член 1 од оваа одлука на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип и Јавната здравствена установа Клиничка болница-Штип, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2733/2
21 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

---

**1623.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие Колекторски систем бр.01-4/1 од 3.6.2019 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 3.6.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2950/1 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1624.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расход на движни ствари кои немаат вредност бр.02-349/10 од 28.5.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавна здравствена установа Универзитетска Клиника за нефрологија - Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-2955/1 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1625.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПВ ЛИСИЧЕ-ВЕЛЕС ЗА 2018 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година бр. 02-167/3 и 02-167/4, од 11.3.2019 година, усвоени од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 11.3.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3238/1 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1626.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ЈПВ ЛИСИЧЕ - ВЕЛЕС**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за покривање на загубата по Годишната сметка за 2018 година на ЈПВ Лисиче - Велес бр.02-167/5 од 11.3.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 11.3.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3238/2 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1627.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА" ПРОБИШТИП ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" Пробиштип за 2018 година бр.02-242/22 од 19.4.2019 година, усвоени од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 19.4.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-3273/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1628.**

Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА" ПРОБИШТИП ИСКАЖАНА ВО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за покривање на загубата на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" Пробиштип искажана во Годишната сметка за 2018 година, бр.02-242/21 од 19.4.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 19.4.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-3273/2
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1629.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Апелационен суд Штип, му престанува користењето на движната ствар - патничко моторно возило, марка ОПЕЛ, тип ОМЕГА Б ТНГ, регистарска ознака ST 061 AS, боја на каросерија сина /91, година на производство 1999, тип на мотор X25XE, работна зафатнина на мотор 2498 cm3, сила на моторот 125 kW, идентификационен број на моторот 08337163 и број на шасија W0L0VBM6-9X1031783.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Основниот суд Свети Николе.

Член 3

Претседателот на Апелациониот суд Штип склучува договор со претседателот на Основниот суд Свети Николе, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-3306/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1630.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Државниот завод за статистика му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. број | Назив на движните ствари | опис на недвижната ствар | количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Метален регал | метален статичен регал со пет полици за сместување на архивски материјал произведени во 1988 година со димензии 2000/1000/40 см | 15 |
| 2. | Метален регал | метален монтажен регал со шест полици произведени во 2011 година со димензии 2500/90/33 см | 115 |
| 3. | Метален регал | метален монтажен регал со пет полици произведени во 1998 година со димензии 2000/93/44 см | 51 |
| 4. | Сандаче метално за архива | метално сандаче за сместување на архивски материјал призведено во 1980 година со димензии 70/30/40 см | 4 |
| 5. | Дрвен регал | дрвен регал со пет полици произведени во 1988 со димензии 2000/2000/500 см | 5 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 3

Директорот на Државниот завод за статистика склучува договор со директорот на Централниот регистар на Република Северна Македонија со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3353/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1631.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14, 83/18 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат, без надомест, нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје и тоа:

- Еуродизел БС гориво ...................... 300.000 литри и
- Екстра лесно гориво ....................... 250.000 литри.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје за извршување на основните работи од тековно и инвестиционо одржување на патишта, планирани со Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта за 2019 година.

Член 2

Трошоците за испорака односно транспортните и манипулативните трошоци за превземање на отстапените нафтени деривати од член 1 на оваа одлука, паѓаат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3411/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1632.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Министерството за финансии - Царинската управа да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Извештајот за редовниот годишен попис за 2018 година на средствата и обврските на Царинската управа бр. 02-085492/18-0045 од 6.2.2019 година, донесена од директорот на Царинската управа.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3501/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1633.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ - БЕРОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за здравство, му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Карактеристики на движната ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Санитетско возило | Марка: Рено<br>Тип: МАСТЕР<br>Број на шасија: VF1MA000562436157<br>Број на мотор: C163020<br>Година на производство: 2018<br>Сила на моторот : 81 kW<br>Работна зафатнина на моторот во см3 : 2298<br>Боја на каросерија : Бела | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надоместѕ на Јавната здравствена установа Здравствен дом – Берово.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Берово, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3539/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1634.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БЕЛИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, А-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ, В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ, Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Д-ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА И Е-ИНФРАСТРУКТУРА КО БЕЛИ, ОПШТИНА КОЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Бели за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Бели, општина Кочани.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 10395 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 1026 | Бели | Војводак | нива | 4 |
| 719-дел | Бели | Рпево | пасиште | 4 |
| 830/2 | Бели | Рпево | пасиште | 4 |
| 835 | Бели | Дабје | нива | 5 |
| 842 | Бели | Војводик | нива | 6 |
| 836 | Бели | Дабје | нива | 5 |
| 1017/4 | Бели | Војводак | нива | 4 |
| 1017/1 | Бели | Војводан | нива | 4 |
| 837 | Бели | Бара | ливада | 8 |
| 3516/1 | Бели | Бели | нива | 6 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: | | 442900 м² | | |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3569/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1635.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ВИЧО Насе Љубе Трајанов Кочани за земјоделско земјиште кое се наоѓа на КПбр.561/1, место викано Ормански Ливади, катастарска култура оризова нива, катастарска класа 1, со површина од 55336м2, запишана во Имотен лист бр.632 за КО Мојанци.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3581/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1636.**

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец РИТО Даница Љубе Манчова с.Горни Подлог, Кочани за земјоделско земјиште кое се наоѓа на КП бр.7234/1-дел, место викано Лака катастарска култура оризова нива, катастарска класа 1, со површина од 30332м2, запишана во Имотен лист бр.14134 за КО Кочани.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3598/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1637.**

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ОКТАЈ Назмије Алиовска с.Канатларци, Тополчани за земјоделско земјиште со површина од 6ха 00ар 00м2, кое се наоѓа на КП бр.2718-дел, место викано Созл Клар, катастарска култура нива, катастарска класа 3, запишана во Имотен лист бр.550 за КО Канатларци.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука, ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува во времетраење од пет години сметано од денот на влегувањето во сила на Договорот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3610/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1638.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство му престанува користењето на движните ствари-товарни возила со следните карактеристики:

1. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12237015
Број на мотор 4H03104H030577669
Боја на каросерија–бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6819 AC

2. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12234697
Број на мотор 4H03104H03605794
Боја на каросерија –бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 2361 AL

3. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12232373
Број на мотор 4H03104H034205774
Боја на каросерија–бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6821 AC

4. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12236859
Број на мотор 4H03104H031005810
Боја на каросерија –бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6822 AC

5. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12238130
Број на мотор 4H03104H031105784
Боја на каросерија – бела/01
Сила на мотор: 96 KW

Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6823 AC
6. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12239216
Број на мотор 4H03104H031705780
Боја на каросерија –бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6824 AC
7. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12243765
Број на мотор 4H03104H034205802
Боја на каросерија –бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6825 AC
8. Вид:Товарно моторно возило
Марка:PEUGEOT
Тип: Y BOXER
Број на шасија: VF3YDTMFC12232139
Број на мотор 4H03104H036905779
Боја на каросерија – бела/01
Сила на мотор: 96 KW
Година на производство: 2012 год.
Број на регистерски таблички:SK 6928 AC

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Министерство за здравство.

Член 3

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство склучува договор со министерот за здравство со кој се уредуваат правата и обврските за користење на движните ствари – товарни возила од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3644/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1639.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се даваат на трајно користење без надоместок недвижни ствари – објекти кои се наоѓаат на КП 2120 во КО Илинден вон градежен реон, запишани во Имотен лист бр.10500, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- Број на зграда/друг објект 2, намена на зграда и друг објект А5-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зградата 1, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина 22 м2;
- Број на зграда/друг објект зграда 3, намена на зграда и друг објект А5-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зградата 1, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина 22 м2;
- Број на зграда/друг објект зграда 4, намена на зграда и друг објект А5-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зградата 1, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина 22 м2 и
- Број на зграда/друг објект зграда 5, намена на зграда и друг објект А5-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зградата 1, намена на посебен дел од зградата П, со внатрешна површина 7 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3667/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1640.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се дава на трајно користење без надоместок недвижна ствар – објект кој се наоѓа на КП 980/4 во КО Бујковци со внатрешна површина од 39 м2, запишана во Имотен лист бр.1022, сопственост на Република Северна Македонија и тоа: зграда 1, намена на зграда и друг објект А5-4, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зградата 1, намена на посебен дел од зградата П.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3668/1 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1641.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НАДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|
| Персонален компјутер | HP Prodesk 400 G4 | 72 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Државниот завод за статистика.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со директорот на Државниот завод за статистика, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/1 Претседател на Владата
3 јуни 2019 година на Република Северна Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1642.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Течен хроматограф со УВ детектор со низа на диоди и детектор со индекс на рефракција | Agilent 1260 Infinity II HPLC | 1 |
| 2. | Течен хроматограф со УВ детектор со низа на диоди | Agilent 1260 Infinity II HPLC | 1 |
| 3. | Гасен хроматограф со пламено јонизирачки детектор и хедспејс семплер | Agilent 7890B/7697A/7693A | 1 |
| 4. | Гасно масен хроматограф со детектор троен квадрупол | Agilent 7000D GCMS Triple quadropole | 1 |
| 5. | Анализатор на пиво | Anton Paar, 4500 DMA Alcolyzer Beer Analyzer ME | 1 |
| 6. | Автоматски анализатор на дизел гориво | Anton Paar, ADU 5 | 1 |
| 7. | Систем за прочистување на вода | SUEZ, Purite Select Analyst 80 | 1 |
| 8. | Печка за сушење со природна конвекција | Binder, ED 115 | 1 |
| 9. | Машина за перење на лабораториска стакларија со систем на сушење и кондензатор на пареа | SMEG Instruments, GW4060SCI | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Царинската управа.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со директорот на Царинската управа, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/2
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1643.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Софтвер за апликациска и десктоп виртуелизација | CITRIX XenDesktop Platinum Edition | 300 |
| 2. | Софтверска платформа за виртуелизација и автоматизација | VM ware vSphere with Operations Management Enterprise Plus | 1 |
| 3. | Софтверска платформа со оперативен систем | Microsoft WinSvrSTDCore 2016, WinSvrCALs 2016, WinRmtDsktpSrvcsCALs 2016, Office Home and Business 2016 | 1 |
| 4. | Софтвер за деловна електронска пошта | Microsoft ExchgSvrStd 2016, ExchgStdCALs 2016 | 1 |
| 5. | Сигурносен мрежен корен | FUJITSU PRIMERGY TX1330 M3 | 1 |
| 6. | Блејд сервер | FUJITSU PRIMERGY BX2560 M2 | 7 |
| 7. | Надградба на постојниот уред за складирање на податоци | EMC VNX 5600 | 1 |
| 8. | Тенок клиент со монитор | FUJITSU Futro s920 with Display E22-8 TS Pro | 300 |
| 9. | Мрежен преклопник | Nexus 5548 UP | 2 |
| 10. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance 4x4 - 1.5 dCi 110 Број на шасија: UU1HSDJ9G58982572 Број на мотор: R045241 Број на регистарски таблици: SK8731AP Боја: Темно сина | 1 |
| 11. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance 4x4 - 1.5 dCi 110 Број на шасија: UU1HSDJ9G58982573 Број на мотор: R045132 Број на регистарски таблици: SK8732AP Боја: Темно сина | 1 |
| 12. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance 4x4 - 1.5 dCi 110 Број на шасија: UU1HSDJ9G58982574 Број на мотор: R045237 Број на регистарски таблици: SK8733AP Боја: Темно сина | 1 |
| 13. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance 4x4 - 1.5 dCi 110 Број на шасија: UU1HSDJ9G58982576 Број на мотор: R044145 Број на регистарски таблици: SK8734AP Боја: Темно сина | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/3
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1644.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58896116<br>Број на мотор: R043931<br>Број на регистарски таблици: SK2490AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 2. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58896117<br>Број на мотор: R044932<br>Број на регистарски таблици: SK2491AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 3. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58896113<br>Број на мотор: R044146<br>Број на регистарски таблици: SK2492AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 4. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58896118<br>Број на мотор: R043929<br>Број на регистарски таблици: SK2493AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 5. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982559<br>Број на мотор: R044529<br>Број на регистарски таблици: SK2494AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 6. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982560<br>Број на мотор: R044158<br>Број на регистарски таблици: SK2495AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 7. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982561<br>Број на мотор: R044595<br>Број на регистарски таблици: SK2496AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 8. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982562<br>Број на мотор: R044409<br>Број на регистарски таблици: SK2482AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 9. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982563<br>Број на мотор: R042387<br>Број на регистарски таблици: SK2483AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 10. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982565<br>Број на мотор: R042390<br>Број на регистарски таблици: SK2484AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 11. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982566<br>Број на мотор: R044582<br>Број на регистарски таблици: SK2485AR<br>Боја: Темно сина | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982567<br>Број на мотор: R044407<br>Број на регистарски таблици: SK2486AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 13. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982568<br>Број на мотор: R044406<br>Број на регистарски таблици: SK2487AR<br>Боја: Темно сина | 1 |
| 14. | Теренско возило | Dacia Duster ph.2 Ambiance<br>4x4 - 1.5 dCi 110<br>Број на шасија: UU1HSDJ9G58982569<br>Број на мотор: R044405<br>Број на регистарски таблици: SK2489AR<br>Боја: Темно сина | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/4
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1645.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Преносен компјутер | FUJITSU LIFEBOOK A557 I5 FHD | 60 |
| 2. | Персонален компјутер | FUJITSU ESPRIMO P557/2/E85+DISPLAY P24 | 30 |
| 3. | Сервер | LENOVO System x3550 M5 (P/N: 8869ESG) | 2 |
| 4. | ТВ/видео екран | SONY KD-65XE8577SAEP | 10 |
| 5. | Софтверска лиценца - серверски оперативен систем, со основна лиценца и неограничени хипервизорски инстанци | WinSvrDCCore 2016 OLP 2Lic NL Gov CoreLic Qlfd | 28 |
| 6. | Софтверска лиценца - серверски оперативен систем, со основна лиценца и ограничени хипервизорски инстанци | WinSvrSTDCore 2016 OLP 2Lic NL Gov Corelic | 36 |
| 7. | Софтверска лиценца - платформа за размена на електронска пошта, со серверска лиценца | ExchgSvrStd 2016 OLP NL Gov | 2 |
| 8. | Софтверска лиценца - Систем за управување со релациони бази на податоци | SQLSvrStdCore 2016 OLP 2Lic NL Gov CoreLic Qlfd | 2 |
| 9. | Софтверска лиценца - систем за интеграција, комуникација, автоматизација и мониторинг на бизнис процесите, со основна лиценца | BztlkSvrStd 2016 OLP 2Lic NL Gov CoreLic Qlfd | 2 |
| 10. | Серверски оперативен систем - клиентски лиценци | WinSvrCAL 2016 OLP NL Gov UsrCAL | 100 |
| 11. | Клиентска лиценца за пристап до платформата за размена на електронска пошта | ExchgStdCAL 2016 OLP NL Gov UsrCALExchgEntCAL 2016 OLP NL Gov UsrCAL woSrvcs | 100 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Државниот завод за ревизија.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со главниот државен ревизор, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/5
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1646.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|
| Скенер за книги (за скенирање на регистри на родени, венчани и умрени во хартиена форма) | I2S - CopiBook Open System | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за информатичко општество и администрација, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/6
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1647.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Систем за автоматизирано препознавање на лица | NEC, Neo Face Watch 3.2.x | 1 |
| 2. | Сервер за база на податоци | HPE ProLiant DL360 | 1 |
| 3. | Сервер за внесување на видеа | HPE ProLiant DL360 | 1 |
| 4. | Работна станица | Fujitsu ESPRIMO D757/E85+ | 3 |
| 5. | Генетски анализатор (систем за капиларна електрофореза) | Thermo Fisher Scientific, 3500 Genetic Analyzer for Human Identification | 1 |
| 6. | Гасен хроматограф со масена спектрометрија | Shimadzu Corporation GCMS-QP2020 | 1 |
| 7. | Видеоспектрален компаратор | Regula Baltija Ltd. Regula 4307.1101 | 1 |
| 8. | Дигитален фотоапарат со објектив од 100 mm | Digital Rangefinder Camera, Leica M (Typ 240) | 1 |
| 9. | Компактни дигитални фотоапарати/дигитални фотоапарати со псевдо-огледала | Canon SX60 HS Black | 57 |
| 10. | Full HD рачна видео камера | Sony CX450 Handycam | 15 |
| 11. | 4K HD рачна видео камера | Sony AX53 Black | 12 |
| 12. | Видео камера за снимање во екстремни услови | Sony FDR-X3000R 4K | 3 |
| 13. | Форензички извор на светлина | Forensic Light Source, Superlite S 04 | 1 |
| 14. | Цијаноакрилатна комора за предизвикување траги од папиларни линии | CA-90-01 | 1 |
| 15. | Комора за сушење на докази | FDC-100-01 | 1 |
| 16. | Лабораториски дигестор за полимеразна верижна реакција | PCR-60 | 1 |
| 17. | Софтвер за форензичка детекција на фалсификувани слики | Amped SRL Amped Authenticate | 1 |
| 18. | Форензичка видео анализа и софтвер за подобрување на квалитетот на видеото | Amped SRL Amped Five Professional | 1 |
| 19. | Софтвер за анализа на сообраќајни несреќи | Dr. Steffan Datentechnik Ges.m.b.H. PC-Crash | 1 |
| 20. | Софтвер за препознавање на отпечатоци од чевли | Foster & Freeman Limited - UK SICAR®6 + Solemate license + Solemate archive | 1 |
| 21. | Софтвер за споредба на траги од алат | LABORATORY IMAGING s.r.o. ToolScan | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за внатрешни работи, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3669/7
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1648.**

Врз основа на член 58 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/211, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УПОТРЕБА НА ПАТ (ПАТАРИНА)**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина).

Член 2

За утврдување на висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) за различните видови на возила, во зависност од видот на возилото, бројот на осовини и висината кај предната осовина, возилата се распоредуваат во пет категории:

**- прва категорија А:**

моторни возила со карактеристики на мотоцикли (со две тркала),

**- прва категорија Б:**

возила со две осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри,

**- втора категорија:**

возила со три или повеќе осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри, возила со две осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3

метри или пониска од 1,8 метри и возила со приколка со три или повеќе осовини и висина кај предната осовина пониска од 1,3 метри,

**- трета категорија:**

возила со три осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3 метри и возила со две осовини и висина кај предната осовина иста или повисока од 1,8 метри

**- четврта категорија:**

возила со четири или повеќе осовини и висина кај предната осовина повисока од 1,3 метри.

Висина на возилото кај предната осовина, се мери вертикално од коловозот до највисоката точка на возилото, над предната осовина.

Член 3

Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) за видовите на возила по категории се определува на начин што:

- за возилата од прва категорија А, износот на патарината за возилата од прва категорија Б се множи со коефициент 0,6,

- висината на патарината за возилата од прва категорија Б, (која се зема како основна категорија) се множи со коефициент 1,

- за возилата од втора категорија, износот на патарината за возилата од прва категорија Б се множи со коефициент 1,5,

- за возилата од трета категорија, износот на патарината за возилата од прва категорија Б се множи со коефициент 2,7 и

- за возилата од четврта категорија, износот на патарината за возилата од прва категорија Б се множи со коефициент 4,0.

Член 4

Надоместокот за патарина за поминат километар за возилата од прва категорија Б, која се зема како основна категорија, се пресметува според следниве параметри:

| | |
|---|---|
| А | Потребни финансиски средства за изградба на еден километар автопат |
| Б | Трошоци за одржување за еден километар автопат |
| В | Период на економска искористеност на патот |
| Г | Број на денови на наплата на патарина |
| Д | Фреквенција на возилата |
| Ѓ | Надоместок за патарина за извозено растојание од еден километар за возила од прва категорија Б (надоместок за поминат километар)<br>Ѓ = (А+ Б) / В / Г / Д |

Износот на надоместокот за извозено растојание од еден километар (надоместок за поминат километар) за возилата од прва категорија Б (основна категорија), изнесува 2,5784 денари/километар по возило.

Вкупното извозено растојание за кое се наплаќа патарина се пресметува со множење на надоместокот за поминат километар, со должината на делницата за која се врши наплата на патарина.

При пресметувањето на патарината извршено е заокружување на износите на 10 денари (од 1,00 до 4,99 денари на пониската вредност, од 5,00 до 9,99 денари на повисоката вредност).

Член 5

Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) во денари на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| | | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | IБ | II | III | IV |
| | | МЕЃУСЕБЕН СООДНОС-КОЕФИЦИЕНТ МЕЃУ КАТЕГОРИИТЕ НА ВОЗИЛА | | | | |
| | | 0,60 | 1,00 | 1,50 | 2,70 | 4,00 |
| **Наплатна станица** | **Делница** | **ПАТАРИНА ВО ДЕНАРИ** | | | | |
| Романовци | Куманово – Миладиновци и обратно | 40 | 60 | 80 | 150 | 220 |
| Петровец | Скопје - Петровец и обратно | 20 | 40 | 50 | 100 | 150 |
| Сопот | Петровец – Велес | 50 | 80 | 120 | 220 | 330 |
| Отовица | Велес - Петровец | 50 | 80 | 120 | 220 | 330 |
| Стоби | Велес - Градско и обратно | 40 | 60 | 100 | 180 | 260 |
| Миладиновци | Скопје - Миладиновци и обратно | 20 | 40 | 60 | 100 | 150 |
| Тетово | Тетово - Гостивар и обратно | 20 | 30 | 40 | 80 | 110 |
| Гостивар | Тетово - Гостивар и обратно | 20 | 30 | 40 | 80 | 110 |
| Глумово | Скопје - Тетово и обратно | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Желино | Скопје - Тетово и обратно | 20 | 40 | 60 | 110 | 160 |
| Демир Капија | Градско – Демир Капија и обратно | 50 | 80 | 130 | 230 | 340 |
| Гевгелија | Демир Капија – Гевгелија и обратно | 60 | 100 | 160 | 290 | 430 |
| Кадрифаково | Штип – Св. Николе и обратно | 30 | 50 | 80 | 150 | 220 |
| Преод | Св. Николе – Миладиновци и обратно | 40 | 70 | 100 | 180 | 270 |
| Миравци | Клучка Миравци-Клучка Демир Капија | 30 | 60 | 90 | 160 | 240 |
| Миравци | Клучка Миравци-Клучка Гевгелија | 30 | 50 | 70 | 130 | 190 |
| Смоквица | Клучка Смоквица -клучкаГевгелија | 20 | 30 | 50 | 90 | 140 |
| Смоквица | Клучка Смоквица -клучка Демир Капија | 40 | 70 | 110 | 200 | 290 |

Висината на надоместокот за употреба на пат (патарина) при готовинско плаќање во евра на делниците на кои се наплаќа патарина изнесува:

| | | КАТЕГОРИЈА НА ВОЗИЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IA | IБ | II | III | IV |
| | | МЕЃУСЕБЕН СООДНОС-КОЕФИЦИЕНТ МЕЃУ КАТЕГОРИИТЕ НА ВОЗИЛА | | | | |
| | | 0,60 | 1,00 | 1,50 | 2,70 | 4,00 |
| **Наплатна станица** | **Делница** | **ПАТАРИНА ВО ЕВРА** | | | | |
| Романовци | Куманово – Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 |
| Петровец | Скопје - Петровец и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Сопот | Петровец – Велес | 1,00 | 1,50 | 2,00 | 4,00 | 5,50 |
| Отовица | Велес - Петровец | 1,00 | 1,50 | 2,00 | 4,00 | 5,50 |
| Стоби | Велес - Градско и обратно | 0,50 | 1,00 | 2,00 | 3,00 | 4,50 |
| Миладиновци | Скопје - Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 2,50 |
| Тетово | Тетово - Гостивар и обратно | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,00 |
| Гостивар | Тетово - Гостивар и обратно | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,00 |
| Глумово | Скопје - Тетово и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Желино | Скопје - Тетово и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,00 | 2,00 | 3,00 |
| Демир Капија | Градско – Демир Капија и обратно | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 | 6,00 |
| Гевгелија | Демир Капија – Гевгелија и обратно | 1,00 | 2,00 | 3,00 | 5,00 | 7,00 |
| Кадрифаково | Штип – Св. Николе и обратно | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 |
| Преод | Св. Николе – Миладиновци и обратно | 0,50 | 1,50 | 2,00 | 3,00 | 4,50 |
| Миравци | Клучка Миравци-Клучка Демир Капија | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 | 4,00 |
| Миравци | Клучка Миравци-Клучка Гевгелија | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,00 | 3,00 |
| Смоквица | Клучка Смоквица - КлучкаГевгелија | 0,50 | 0,50 | 1,00 | 1,50 | 2,50 |
| Смоквица | Клучка Смоквица -Клучка Демир Капија | 0,50 | 1,50 | 2,00 | 3,50 | 5,00 |

Член 6

Наплатата на патарина се врши на наплатните станици комбинирано преку „отворен систем“ и „затворен систем“ за наплата на патарина. Начинот на плаќањето на патарината може да биде:

- готовински и со банкарски картици (дебитни и кредитни),
- електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина и
- со билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање

Електронските системи за наплата на патарина мора да овозможат наплата на патарина со употреба на микробранова (DSRC) технологија на работна фреквенција од 5,8 GHz.

Член 7

Правните и физичките лица патарина можат да ја плаќаат со купување на безконтактни смарт картици или уред за електронска наплата на патарина со попуст од 1% до 10% на износ од еднократно задолжување, а во зависност од висината на надополнетиот износ на безконтактните смарт картици односно уредот за електронска наплата на патарина (таг).

Член 8

Вредноста на безконтактните смарт картици изнесува 100 денари и минималниот износ за дополнување при купување и при секое наредно надополнување не може да биде помал од 300 денари.

Вредноста на еден уред за електронска наплата на патарина (таг) изнесува 1.200 денари и минималниот износ за дополнување при купување и при секое наредно надополнување не може да биде помал од 300 денари.

Член 9

Со секое наредно надополнување на безконтактните смарт картици и уредите за електронска наплата на патарина (таг) корисниците добиваат попуст на надополнетиот износ на патарина кој се пресметува при секое поминување на наплатна станица, и тоа :

- 2% за надополнета сума од 301 денари до 10.000 денари,
- 3% за надополнета сума од 10.001 денари до 50.000 денари,
- 5% за надополнета сума од 50.001 денари до 300.000 денари и
- 7% за надополнета сума над 300.001 денари.

Член 10

Доколку корисникот на патот – сопственик на возилото не ја плати патарината или на било кој начин одбива да го стори тоа, му се издава билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање во рок од 24 часа од моментот на издавањето.

Билетот за ненаплатена патарина со налог за плаќање се издава на наплатните станици на кои е воведен електронскиот систем за наплата на патарина. Корисниците на патот на кои им е издаден билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање можат истиот да го платат на секоја сообраќајна лента на наплатните станици каде се врши продажба и надополнување на електронските уреди и на официјалната веб страница на Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 11

Начинот на наплатата на патарина електронски со безконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина, воведувањето на наплата на патарина на некои од патните делници наведени во членот 5 од оваа одлука како и воведувањето на прва категорија А – моторни возила со карактеристики на мотоцикли (со две тркала), ќе се имплементира во неколку фази во Република Северна Македонија, по создавање на технички услови за нивна имплементација.

Член 12

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) („Службен весник на Република Македонија“ број 89/09 и 103/14).

Член 13

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3763/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1649.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се дава на трајно користење без надоместок недвижна ствар – инфраструктурен објект -подземна водоводна инфраструктурна мрежа за ТИРЗ Скопје 2 која се наоѓа во КО Бунарџик вон град со вкупна должина од 734,5 m, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти бр. 530, сопственост на Република Северна Македонија и тоа: Префикс ВИПВ1, идентификатор 275837 – ТИРЗСК2, име на објект Доводен цевковод ТИРЗ Скопје 2, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275837 – ТИРЗСК2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3803/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1650.**

Врз основа на член 29-а став 2 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЕУРОМЕДИКУС ДОО КРИВОГАШТАНИ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРОМЕДИКУС ДОО Кривогаштани со број 19-597/1 од 23.5.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3973/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1651.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА ЗАТВОР ПРИЛЕП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило, марка Рено, тип Еспејс, идентификационен број на возилото VF8JE0L0523914-700, боја на возилото Сива.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Казнено – поправната установа Затвор Прилеп.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено – поправната установа Затвор Прилеп со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3996/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**1652.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНАТА УСТАНОВА КАЗНЕНО - ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите му престанува користењето на движната ствар – товарно моторно возило, марка Цитроен, тип Џампер, идентификационен број на возилото VF7YE2MCU12K-67002, идентификационен број на моторот 10DY2Z403-7455, година на производство 2019, силина на моторот 96 kw, зафатнина на моторот 1997 $cm^3$, боја на возилото Бела/01.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Казнено – поправната установа Казнено - поправен дом Штип.

Член 3

Директорот на Управата за извршување на санкциите склучува договор со директорот на Казнено – поправната установа Казнено - поправен дом Штип со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3997/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**1653.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Во Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината („Службен весник на Република Македонија“ бр.152/14 и 140/16), членот 2 се менува и гласи:

„Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува дел од КП 602/25 со површина од 35.301 м2 , и дел од КП 602/26 со површина од 700 м2 односно со вкупна површина од 36.001 м2, според Имотниот лист бр.1 за КО Бунарџик и Геодетскиот Елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци бр.08-873/3 од 18.10.2018 година, сопственост на Република Северна Македонија, и претставува градежно земјиште, според извод од план бр.16/2018 (Архитектонско – урбанистички проект за формирање на градежни парцели во Блок 23, ГП 23 (1-2-3-4) и ГП 23 (4-5-6-7) со намена на градба Г2 – Лесна индустрија од Урбанистички проект за ТИРЗ Скопје 1, КО Бунарџик, Општина Илинден, со технички број ПА_109_06/16 од Јуни 2016 година), издаден од Министерство за Транспорт и Врски, Сектор за уредување на просторот со потврда бр. 24-10256/2 од 10.10.2018 година. („Градежно земјиште“).“

Член 2

Во член 4 став 1 алинеја 1 износот „3.090,7 евра“ се заменува со износот „3.600,1“.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Во рок од 60 дена од денот на склучувањето на Анекс Договорот бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупопримачот доставува доказ за уплатен износ на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 1.402,5 евра во денарска противвредност според средниот курс од Народна банка на Република Северна Македонија на датумот на уплата, кој износ претставува усогласување на плаќањето на закупнината за првите пет години.“

Ставот 3 ставува став 4.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4116/1
3 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1654.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се даваат на трајно користење без надоместок недвижни ствари – инфраструктурни

објекти - подземна водоводна инфраструктурна мрежа за ТИРЗ Скопје 1 кои се наоѓаат во КО Илинден вон град, КО Марино вон град, КО Кадино, КО Бунарџик, КО Бујковци и КО Миладиновци, запишани во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525 и Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531, сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275831 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275831 – ТИРЗСКВ, должина 37,61 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275832 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275832 – ТИРЗСКВ должина 6935,7 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275833 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275833– ТИРЗСКВ, должина 16,11 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275834 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275834 – ТИРЗСКВ, должина 64,92 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275835 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275835 – ТИРЗСКВ олжина 75,55 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 275836 – ТИРЗСКВ, име на објект Водоводна мрежа ТИРЗ Скопје 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 275836 – ТИРЗСКВ должина 51,85 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 525,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337226 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 – 337226 – ТИРЗСКМРЕЖА, должина 5707,44м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337227 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337227– ТИРЗСКМРЕЖА должина 307,98м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337228 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337228– ТИРЗСКМРЕЖА должина 292,11м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337229 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337229– ТИРЗСКМРЕЖА должина 275,96м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337230 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337230– ТИРЗСКМРЕЖА должина 220,22м, запишани во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337231 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337231– ТИРЗСКМРЕЖА должина 214,5 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337232 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337232– ТИРЗСКМРЕЖА должина 41,37м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337233 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337233– ТИРЗСКМРЕЖА должина 32,48м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337234 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337234– ТИРЗСКМРЕЖА должина 49,73м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337235 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337235– ТИРЗСКМРЕЖА должина 50,29м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337236 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337236– ТИРЗСКМРЕЖА должина 38,45м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337237 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337237– ТИРЗСКМРЕЖА должина 38,45м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337238 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337238– ТИРЗСКМРЕЖА должина 38,54м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337239 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337239– ТИРЗСКМРЕЖА должина 38,54м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337240 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337240– ТИРЗСКМРЕЖА должина 39,01м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337241 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337241– ТИРЗСКМРЕЖА должина 41,95м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337242 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК 1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337242– ТИРЗСКМРЕЖА должина 46,2 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337243 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337243– ТИРЗСКМРЕЖА должина 51,19 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337244 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337244– ТИРЗСКМРЕЖА должина 51,19 м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337245 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337245– ТИРЗСКМРЕЖА должина 56,41м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337246 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337246– ТИРЗСКМРЕЖА должина 55,82м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337247 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337247– ТИРЗСКМРЕЖА должина 62,08м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337248 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337248– ТИРЗСКМРЕЖА должина 60,00м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337249 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337249– ТИРЗСКМРЕЖА должина 60,00м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531.

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337250 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337250– ТИРЗСКМРЕЖА должина 42,41м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337251 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337251– ТИРЗСКМРЕЖА должина 35,75м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531,

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337252 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337252– ТИРЗСКМРЕЖА должина 51,19м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531 и

- Префикс ВИПВ1, идентификатор 337253 – ТИРЗСКМРЕЖА, име на објект Водоводна мрежа во зона ТИРЗ СК1, единствен идентификатор ВИПВ1 - 337253– ТИРЗСКМРЕЖА должина 56,42м, запишана во Имотен лист за инфраструктурни објекти број 1531.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4121/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**1655.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016 и 178/2016) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Со оваа одлука на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како предлагач на експропријација да и се предаде во владение земјоделско земјиште кое претставува дел од КП бр.2750/2 со површина од 948 м2, евидентирана во Имотен лист бр.2947 за КО Мислешево вон град, согласно Решение за експропријација У.бр.25-1/2018 од 22.5.2019 година, донесено од Министерството за финансии – Одделение за првостепена управна постапка во Струга, за изградба на примарен пристап од магистрален пат до ТИРЗ Струга.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4139/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**1656.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Во Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/18) членот 2 се менува и гласи:

„Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува градежна парцела бр. 14 (1.1, 2.1) дел од КП 602/5 со вкупна површина од 10841 м2 според Имотен лист бр.1 за КО Бунарџик и Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци бр. 184/4-19 од 29.05.2019 година, сопственост на Република Северна Македонија и претставува градежно земјиште според Извод од Урбанистичкиот план бр. 12/2019, КО Бунарџик и КО Миладиновци, Општина Илинден, издадено од Министерството за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот под број. 24-4298/2 од 21.05.2019 година, врз основа на Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежна парцела ГП 14 (1.1,2.1) И ГП 14 (3.1) со основна класа на намена Г2 – Лесна индустрија во Блок 14 во Урбанистичкиот проект за ТИРЗ Скопје 1, КО Бунарџик и КО Миладиновци, Општина Илинден, со технички бр. ПА 183 11/18 од Април 2019 година, одобрен по прегледот од страна на Комисијата во рамки на Министерството за транспорт и врски со потврда бр.66-3791/6 од 23.04.2019 година. („Градежно земјиште“).“

Член 2

Во член 4 став 1 алинеја 1 износот „1.348,00 евра“ се заменува со износот „1.084,1“.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Износот од 1.319,5 Евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, кој претставува разлика од висината на вкупниот износ на закупнината од став 2 на овој член уплатен во рокот утврден во ставот 2 на овој член ќе се смета за авансно плаќање на закупнина за градежното земјиште од член 2 на оваа одлука од денот на склучувањето на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште. “

Ставот 3 станува став 4.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4169/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1657.**

Врз основа на член 91 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија и член 52 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ И ШЕФ НА ГЕНЕРАЛНИОТ КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ИТАЛИЈАНСКАТА РЕПУБЛИКА, СО СЕДИШТЕ ВО ВЕНЕЦИЈА**

Член 1

Се именува Стојан Витанов, за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Венеција.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4276/1 | Заменик на претседателот |
| 3 јуни 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**1658.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) и член 8 став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СКОПЈЕ 1 И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Во Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/17) во член 1 зборовите „Друштво за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Скопје со седиште во Скопје“, се заменуваат со зборовите” Друштво за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште во Илинден“.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува дел од КП 602/3 со површина од 7907 м2 и дел од КП 602/5 со површина од 10.923 м2, односно новоформирана градежна парцела со вкупна површина од 18.830 м2 според Имотен лист бр.1 за КО Бунарџик и Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци бр.08-252/6 од 10.5.2019 година, сопственост на Република Северна Македонија што претставува градежно земјиште согласно Извод од Архитектонско Урбанистички проект со бр.10/2019, КО Илинден, КО Миладиновци, Општина Илинден, издадено од Министерството за транспорт и врски – Сектор за уредување на просторот под бр.66-4015/2 од 2.5.2019 година, врз основа на Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели: ГП 27(1-2)1 и ГП 27(1-2)2 (3) со основна класа на намена Г2-Лесна индустрија во Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели во Блок 27 Тирз Скопје 1, КО Бунарџик и КО Миладиновци, Општина Илинден, со технички бр.ПА 187 12/18 од април 2019 година, одобрен по прегледот од страна на Комисијата во рамки на Министерството за транспорт и врски со потврда бр.66-3790/6 од 24.4.2019 година. („Градежно земјиште“).

Член 3

Во член 4 став 1 алинеја 1 износот „1,359 евра“ се заменува со износот „1.883,00 евра“ .

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи.

„Во рок од 60 дена од денот на склучувањето на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупопримачот доставува доказ за уплатен износ на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 1.875,23 евра во денарска противвредност според средниот курс од Народна банка на Република Северна Македонија на датумот на уплата, кој износ претставува усогласување на плаќањето на закупнината за првите пет години.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4117/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1659.**

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 јуни 2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/19), во ставот 3 по точката 8. се додава нова точка 9. која гласи:

„9. БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ НА ПОВРЕДЕНИТЕ ПАТНИЦИ ВО СООБРАЌАЈНАТА НЕСРЕЌА КОЈА СЕ СЛУЧИ НА 13.2.2019 ГОДИНА

Со оваа програма се обезбедуваат средства за ослободување од партиципација за болничко лекување на повредените патници во сообраќајната несреќа која се случи на 13.2.2019 година на патот Скопје - Тетово, а за повредените патници без уредно здравствено осигурување се обезбедуваат средства во висина на максимално утврдениот износ на личното учество во вкупните трошоци на здравствените услуги (партиципација) во текот на нивното болничко лекување“.

Во делот „ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА“ во точка 8 табелата се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина (за млади лица од 14-29 години) х 80,00 денари | 10.000,00 |
| | Вкупно: | 10.000,00 |

По точката 8, по табелата се додава нова табела 9. која гласи:

„9. За болничко лекување на повредените патници во сообраќајната несреќа која се случи на 13.2.2019 година потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за болничко лекување на повредените патници во сообраќајната несреќа која се случи на 13.2.2019 година | 190.000,00 |
| | Вкупно: | 190.000,00 |

По точка 8 во став 1 зборовите „1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од оваа програма“ се заменуваат со зборовите „1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од оваа програма“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3647/1 | Претседател на Владата |
| 3 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019118